DPV Health®

Your Healthcare Your Way

Aged Care Assist

# Дали вам или некому кого познавате му треба помош за да добие услуги за поддршка дома од My Aged Care?

## Што е My Aged Care?

My Aged Care е првиот чекор што луѓето го прават за да планираат за субвенционирана поддршка и нега што ќе им помогне да живеат самостојно и да останат во нивните домови.

Луѓето на 65 години и постари, и Абориџините и луѓето од Островите во Теснецот Торес на 50 години и постари ги исполнуваат условите за поднесување на барање за услуги.

## Каква поддршка е достапна преку My Aged Care?

Некои луѓе може да добијат **Пакет на домашна нега** кој содржи услуги на домашна нега, за да им се помогне да останат да живеат самостојно во удобноста на нивниот дом. Некои од тие услуги вклучуваат:

Лична нега, чистење, болничарска нега, придружно здравство (allied health), групи за социјална поддршка, градинарство и специјална опрема.

За My Aged Care може да се регистрирате на телефон **1800 200 422** или на веб-страницата **www.myagedcare.gov.au**

## Помош за луѓето да добиваат услуги од My Aged Care.

На некои постари луѓе им е потребна дополнителна, интензивна поддршка за да добиваат и да се снаоѓаат околу услугите за нега на стари лица и друга поддршка во заедницата.

Во такви ситуации може да помогне тимот на Aged Care Assist од DPV Health.

**За повеќе информации за програмата Aged Care Assist на DPV Health видете на следната страница на оваа брошура.**



Macedonian | Македонски

# Aged Care Assist

## Им помага на постарите луѓе да добијат нега на стари лица и други услуги на поддршка.



## Што е Aged Care Assist?

Aged Care Assist е служба за БЕСПЛАТНА поддршка на ранливи постари луѓе на кои им треба интензивна поддршка заради користење на услуги за нега на стари лица и поддршка.

**ПОМАГА** на луѓето да ги разберат и користат услугите за нега на стари лица и други услуги на поддршка.

**РАЗГОВАРА** со My Aged Care и со други лица за поддршка во ваше име. Организира процена од страна на My Aged Care.

**ПРИСУСТВУВА** и ве посетува дома или на друго погодно место по избор заради разговор за процесот. Бидете достапни за процена од страна на My Aged Care.

**НАОЃА** и прави тесен избор на даватели на услуги во вашата околина.

**ПОПОЛНУВА** формулари и помага да ги разберете договорите за услуги на нега на стари лица.

**ПРОВЕРУВА** дали е сè во ред откако услугите се организирани и почнуваат да се даваат.

**ВЕ ПОДДРЖУВА** да решите други предизвици во текот на процесот.

## За да добива поддршка од Aged Care Assist, лицето мора:

> Да е жител на City of Whittlesea (сите предградија) или на Mitchel Shire (само Wallan, Beveridge и Bylands)

> Да нема достапен негувател од доверба или лице за поддршка кое може да му помогне

> Да ги исполнува условите за добивање нега на стари лица финансирана од државата

> Да има тешкотии при комуникацијата поради проблеми со јазикот и писменоста

> Да му е тешко да разбере информации и да донесува одлуки

> Да не сака да има работа со нега на стари лица или со државни служби

> Да биде во небезбедна ситуација ако не добива услуги.

## Цени

Aged Care Assist е БЕСПЛАТНА услуга.

## Достапност на преведувачки услуги

Нудиме БЕСПЛАТНИ преведувачки услуги на сите клиенти кои имаат таква потреба. Тоа ќе биде координирано од вашиот DPV Health службеник за ангажирање.

## Како да се закаже термин

За да организирате кога да разговарате со некој од нашите љубезни Care Finders:

Јавете се на нашата директна линија на Aged Care Assist на **0438 849 400** или пратете имејл на **agedcareassist@dpvhealth.org.au**

За повеќе информации како DPV Health може да ви помогне, видете на:
**www.dpvhealth.org.au/aged-care-assist**

0438 849 400 | dpvhealth.org.au | agedcareassist@dpvhealth.org.au

DPV Health им оддава почит на традиционалните Старатели, Старешини и земји на народот Вурунџери. DPV Health е посветен со начела и во пракса на викториските Стандарди за безбедност на децата, заради промовирање и заштита на најдобрите интереси на сите деца вклучени во нашите служби.

Aged Care Assist верзија 2 ажурирана на 25/03/2024